Трговско друштво ... КАБТЕЛ ДООЕЛ
03-07/82
22.08.24

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3500/1
19.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стока

Склучен на ден ___.___. 2024 година помеѓу следните

Договорни страни:

1. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, ул.„Македонија" бр.38, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувана од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, со ЕМБС 5171440 и даночен број 4030997339003, (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,

и

2. Трговско друштво за производство, промет и услуги „КАБТЕЛ" ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Перо Наков" бр.1, Управна зграда, ЖАС I-ви кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од Одговорно лице Горан Митрески, со ЕМБС 5524237 и даночен број МК4030001415159 (во понатамошниот текст Носител на набавката) од друга страна.

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на односите меѓу Носителот на набавката и Набавувачот во врска со набавка на Лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall), за потребите на Набавувачот – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Техничката спецификацијата која̀ се доставува во прилог на овој Договор (Прилог бр.1) и согласно доставената и прифатена понуда на Носителот на набавката (Прилог бр.2), кои се доставуваат во прилог на овој Договор и се негови составни делови.

**Начин, рок и место на извршување на услугата**

**Член 2**

Стоката која е предмет на оваа постапка за јавна набавка, а е наведена во член 1 на овој Договор, треба да се испорача во целост и навремено во седиштето на Набавувачот во Скопје, односно во рок од 7 (седум) дена од денот на потпишување на овој Договор, а сите потребни подесувања да се извршуваат непрекинато во текот на целото времетраење на договорот, наведено во член 11 од истиот.

**Обврски и права на Носителот на набавката**

**Член 3**

Носителот на набавката се обврзува стоката која е определена во член 1 на овој Договор, да ја испорача во целост и навремено во седиштето на Набавувачот во Скопје, во рок определен во член 2 на овој Договор, а сите потребни подесувања да се извршуваат непрекинато во текот на целото времетраење на договорот, наведено во член 11 од истиот.

Наведеното од став 1 на овој член подразбира дека при извршувањето на предметот на овој Договор, потребно е да се постапува согласно Техничката спецификацијата која се доставува во прилог на овој Договор (Прилог бр.1) и е негов составен дел, како и да се почитуваат строги критериуми кои обезбедуваат висока безбедност на мрежата при размена на податоци, а особено податоците кои во нив содржат лични податоци.

**Член 4**

Носителот на набавката е должен, заради чувствителноста на податоците со кои ќе дојде во контакт, строго да се придржува кон начелото за управување со безбедност на информации како и да понуди професионални ИТ (информатичко-технолошки) услуги.

**Член 5**

Носителот на набавката има право да ја наплати стоката која е предмет на овој Договор, согласно условите кои се регулирани со овој Договор.

Обврски и права на Набавувачот

**Член 6**

Набавувачот се обврзува на Носителот на набавката да му обезбеди соодветни и непречени услови за извршување на предметот на јавната набавка, наведен и опишан во член 1 на овој Договор.

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува за стоката која што е предмет на овој Договор, на Набавувачот да му исплати надоместок согласно одредбите на овој Договор.

**Член 8**

Набавувачот има право да бара од Носителот на набавката стоката, која е предмет на овој Договор, да ја испорача во целост и навремено, односно инсталацијата и сите потребни подесувања да се извршуваат непрекинато за целото времетраење на Договорот, а согласно условите наведени во овој Договор и во Техничката спецификацијата која се доставува во прилог на овој Договор (Прилог бр.1) и е негов составен дел.

**Начин на плаќање**

**Член 9**

Плаќањето ќе се реализира по испорачувањето на стоката која е предмет на овој Договор за јавна набавака, во седиштето на Набавувачот во Скопје, во рок определен во член 2 на овој Договор, а врз основа на доставена фактура од страна на Носителот на набавката односно во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на фактурата од страна на Набавувачот, во неговата архива.

**Вредност на Договорот**

**Член 10**

За услугата која е предмет на овој Договор, Набавувачот на Носителот на набавката, согласно Извештајот од спроведена постапка бр.05-3259/6 од 09.08.2024 година (Прилог бр.3), ќе му исплати вкупен надоместок во износ од 199.000,00 денари без ДДВ, вкупниот износ на ДДВ изнесува 9.950,00 денари. Вкупната цена со пресметан ДДВ изнесува 208.950,00 денари.

**Времетраење и престанување на важење на Договорот**

**Член 11**

Овој договор се склучува на време од 1 (една) година, а истиот ќе почне да важи од денот на потпишување на работниот налог за завршена испорака на стоката која е предмет на овој Договор за јавна набавака, од страна на Носителот на набавката и Набавувачот.

Овој договор престанува за важи со истекот на времето за кое е склучен, наведено во став 1 на овој член од Договорот.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на Договорот**

**Член 12**

Секоја од договорните страни може да бара раскинување на договорот и надомест на евентуална причинета штета, доколку другата договорна страна не се придржува кон одредбите од овој Договор.

Во случај на доцнење со извршување на предметот на Договорот за јавна набавка, или негово неизвршување во целост од страна на Носителот на набавката, Набавувачот има право на надомест на штета, доколку истата ја претрпел.

Во случај на горенаведеното, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Набавувачот во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи.

За сите други прашања кои не се уредени / опфатени со Договорот, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Завршни одредби**

**Член 13**

Договорните страни се согласуваат евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а доколку во тоа не успеат, за спорот ќе биде надлежен стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат во писмена форма, согласно одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за облигациони односи.

**Член 15**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Договорни страни:**

| | |
|---|---|
| **Носител на набавка:**<br>**Трговско друштво за производство, промет и услуги „КАБТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје,**<br>**Одговорно лице**<br>____________________<br>**Горан МИТРЕСКИ** | **Набавувач:**<br>**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**<br>**Директор,**<br>____________________<br>**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ** |

# Техничка спецификација за јавната набавка на услуга: Лиценца за Firewall

## Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има потреба од обезбедување на Лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall). Лиценцата е потребна за нормално работење на уредот со што ќе се обезбеди сигурност на комјутерската мрежа на Агенцијата и спречување на надворешни cyber напади.
Моментално Агенцијата поседува и користи Firewall уред Sophos XGS2100, кој потполно одговара на потребите.
За таа цел, економскиот оператор кој ќе биде носител на јавната набавка, потребно е да понуди лиценца која ќе ги исполни строгите критериуми кои обезбедуваат висока безбедност на мрежата при размена на податоци, а посебно податоците кои во нив содржат лични податоци.
Заради конкурентност на јавната набавка, Економскиот оператор покрај лиценцата односно софтверот може да понуди и соодветен уред кои треба да исполни карактеристики со цел максимално искористување на можностите на лиценцата.
Економскиот оператор кој ќе понуди Лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall), заради чувствителноста на податоците со кој ќе дојде во контакт треба строго да се придржува кон начелото за управување со безбедност на информации и да понуди професионални ИТ услуги.
Одржување на обука за двајца вработени за користење, понатамошно користење и администрирање на Лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall).

Минимални технички побарувања:

| Реден број | Минимални карактеристики кои треба да ги исполнува лиценцата | Понудувачот да посочи страница од техничката документација како доказ дека се исполнува барањето |
|---|---|---|
| 1 | **Лиценца за уред за унифицирана заштита од напади со следните модули за заштита** | |
| | **Веб Филтрирање**<br>- Скенирање на HTTP и HTTPS сообраќај за вируси, малвери, тројани, PUA и сродни закани на гранично (gateway) ниво.<br>- Блокирање или лимитирање на сообраќај кон непосакувани страници.<br>- Филтрирање на содржини базирано на категории – лиценцата мора да вклучува минимум 90 предефинирани категории од страна на производителот, со можност за додавање на нови.<br>- Инспекција на TLS 1.2/1.3 конекции без деградирање на перформансите.<br>- Контрола и валидација на сертификати.<br>- Можност за активирање на втор антивирусен scan engine од различен производител за зголемување на сигурноста.<br>- Кеширање на содржини со цел оптимизација на процесот на пребарување и пристап до веб содржини. | |
| | **Контрола на апликации**<br>- Контрола на користење на апликациите базирано на категории, карактеристики на сообраќајот кој го генерираат, технологијата која ја користат или ризикот асоциран со нивното користење.<br>- Вградена листа на потписи од минимум 2000 различни апликации.<br>- Препознавање на апликации базирано на потписи и нивна идентификација по корисник.<br>- Автоматско ажурирање на потписите во рамки на креираните полиси со нови, веднаш откако тие ќе бидат објавени од производителот. | |
| | **Заштита од напади**<br>- Заштита од напади преку мрежа како DoS/DdoS и anti-bot, Port Scan и сл.<br>- Можност на блокирање на сообраќај од одредени адреси според геолокација.<br>- Вграден Intrusion Prevention (IPS) базиран на потписи и deep packet inspection, со можност за дефинирање на сопствени IPS потписи. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Избор од различни категории и можност за користење на smart filters при креирање на IPS полисите. | |
| | **Заштита од напредни напади и ransomware**<br>- Детекција и блокирање на ботнет комуникација кон C&C сервери од страна на заразени хостови во рамки на мрежата<br>- Вклучен Sandbox модул за длабинска анализа на фајлови.<br>- Можност за анализа на извршни фајлови (.exe, .dll, .com и сл.), документи (doc, docx, docm, .pdf и сл.) и архиви (.zip, .rar, .tar, .7z, .cab и сл.)<br>- Сеопфатна анализа на однесувањето на фајлот (behavioral analysis), анализа на мрежниот сообраќај кој го генерира и процесите кои ги повикува во работната меморија.<br>- Вклучени технологии за: Machine learning, exploit prevention, ransomware detection and remediation, sandbox evasion detection.<br>- Комплетен извештај од Sandbox анализата заедно со вклуен Threat Intelligence од страна на производителот на решението, наменет за администраторот.<br>- Интеграција со централниот Dashboard за полесен преглед на детекции и превземање соодветни акции. | |
| | **Мрежни карактеристики и VPN:**<br>- Можност за дефинирање на повеќе WAN интерфејси (интернет конекции) со автоматски failover/failback режим на работа и балансирање на товарот.<br>- Креирање и работа со VLAN-ови, со поддршка за DHCP по VLAN и тагирање на сообраќај.<br>- Site-to-site VPN конекции базирани на SSL и/или IPSec со поддршка за 3DES, DES, AES128/192/256 енкрипциски алгоритми.<br>- Клиентски SSL VPN преку сопствен клиент, како и преку трети алатки, на пример: OpenVPN, Cisco VPN client и сл.<br>- Вклучена поддршка за SD-WAN, со селективно рутирање на апликации преку различни линкови врз база на правила или политики, во зависност од нивниот приоритет.<br>- Кластерирање во висока достапност во Active/Active или Active/Passive режими на работа. | |
| | **Автентикација:**<br>- Интеграција со: Active Directory и/или LDAP<br>- Начини на автентикација: Single Sign-On (SSO) со поддршка за Active Directory и Client agent (за Windows, Mac OS, Linux, Android, iOS)<br>- Поддршка за двофакторска автентикација на администраторските профили при најава на уредот. | |
| | **Менаџмент и мониторинг:**<br>- Веб базирано управување или преку конзола (CLI) базирано на улоги, со повеќе администраторски и кориснички нивоа на функционирање.<br>- Вклучен централизиран менаџмент преку Cloud конзола достапна во инфраструктура на вендорот, со опции за централизирано управување со политики, управување и складирање на извештаи, надградби и резервни копии на конфигурации.<br>- Можност за провизионирање на нови уреди преку zero-touch deployment.<br>- Централизирано управување и оркестрација на SD-WAN и VPN топологии.<br>- Вградени (on-box) извештаи по корисник, апликација, интернет сообраќај, мрежен проток, веб содржини, вируси, спам, напади итн.<br>- Уредот треба да нуди можност за сочувување на различни категории на логови (log retention) најмалку 3 месеци наназад. | |
| | **Поддршка и гаранција:**<br>- Гаранција – минимум 1 година.<br>- Минимум 1 година времетраење на претплатата и лиценците за сите потребни модули за заштита. Времетраењето започнува од денот на пуштање на уредот во употреба, со потпишување на работниот налог за завршена инсталација од страна на договорниот орган и добавувачот. | |

| | | |
|---|---|---|
| | - Понудата вклучува надградба на лиценцата со неограничен број на нови верзии (updates, firmware). Дизајн, спроведување и консалтинг во случај на надградба со нова верзија.<br>- Понудата вклучува поддршка за пријавување проблеми (електронски или по телефон), секој работен ден од 09 до 16 часот. Обезбедена јасна процедура за пријавување и ескалација на проблемот.<br>- Лиценците треба да бидат во целост компатибилни со постоечкот хардверски уред XGS2100 или еквивалент<br>- Сите лиценци треба да бидат инсталирни во рамки на единствен хардверски уред. | |
| | - Вклучена инсталација и конфигурација на системот согласно потребите на крајниот корисник. | |

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 12542/2024 објавен од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за набавка на стока: *Лиценца за Firewall*, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: Перо Наков бр.1 (управна зграда ЖАС 1-ви кат), 1000 Скопје
- Телефон: 02 3103 230
- Факс: ______________________________
- Е-пошта: margareta.popovic@kabtel.com.mk (лице регистрирано во ЕСЈН) aleksandar.ivanovski@kabtel.com.mk
- Лице за контакт: Александар Ивановски 072 317 931

I.3. Одговорно лице: Горан Митрески

I.4. Даночен број: MK4030001415159

I.5. Матичен број: 5524237

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ја понудиме следнава стока: *Лиценца за Firewall.*

II.2. Ги прифаќаме начинот, рокот и местото на извршувањето утврден во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда за стоката: *Лиценца за Firewall*, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 199.000,00 *[со бројки]* (сто деведесет и девет илјади) *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 9,950,00.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

+ 389 23103 230
Перо Наков 1, ЖАС I кат,
Скопје, РС Македонија
info@kabtel.mk
www.kabtel.mk

III.3. Со поднесувањe на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 01.08.2024 год.

Одговорно лице*

Горан Митрески
(потпис)

Digitally signed by Margareta Popovikj
Date: 2024.08.01 08:11:57 CEST

* Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

ISO 9001
ISO 27001
KABTEL Dooel Skopje
ISO/IEC 20000-1
KABTEL Dooel Skopje
CERTIFIED ISO 14001:2015 COMPANY
CERTIFIED ISO 45001:2018 COMPANY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСК
УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE
AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.08.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредно Viera: |
| 05 | 3259/6 | | |

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА[1]

1. **Договорен орган (назив и адреса):** АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, ул.„Македонија" бр.38

2. **Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** 12542/2024

3. **Предмет на јавна набавка:** Лиценца за Firewall

4. **Проценета вредноста на набавката:** 200.000,00

5. **Вид на постапка за јавна набавка:** Набавки од мала вредност

6. **Постапката се спроведува како групна набавка*:** Не

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

7. **Членови на комисијата за јавна набавка:**

Огнен Неделковски - Претседател

Теодора Ристовска - Заменик член

Сергеј Тодороски - Член

Ognen Nedelkovski

Digitally signed by Ognen Nedelkovski
Date: 2024.08.09 12:54:44 +02'00'

8. **Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):** /.

9. **Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

10. **Услови за учество/ недостатоци поради кои понудите ќе се отфрлат[2]**

По разгледување на понудите кои се предмет на евалуација комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи содржат недостатоци поради кои нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за причините |
|---|---|---|
| / | / | / |

11. **Услови за утврдување на способност**

**11.1 Во согласност со член 88 од Законот за јавни набавки, Комисијата изврши проверка на причините за исклучување од постапката[3]**

**Листа на понудувачи кои ќе бидат исклучени од постапката поради тоа што им е објавена негативна референца до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите:**

| Ред.бр | Понудувач |
|---|---|
| / | / |

11.2 Проверка на доставените документи за утврдување на способност

11.2.1. Понудувач:[4]

11.2.1.1. Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје

| Групна понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ) (листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ) (листа на субјекти) |
|---|---|---|
| Не | | |

| Услови за квалитативен избор/документи[6] | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| **Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор** | |
| Документ за регистрирана дејност | Да |
| останати документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност | |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)[7]**

| |
|---|
| |

12. Врз основа на извршената проверка на приложените документи за способност на понудувачите и дополнително побараните објаснувања, комисијата заклучи дека следните понудувачи не ги доставиле потребните документи/по барањето од комисијата не ги појасниле/дополниле документите/не ги исполниле условите за утврдување на способност наведени во тендерската документација и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за неутврдување на способноста на понудувачот/кандидатот |
|---|---|---|
| / | / | / |

**13. Комисијата утврди дека понудата на следниов понудувач е предмет на понатамошна евалуација:**

| Ред.бр | Понудувач |
|---|---|
| 1 | Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје |

**14. Критериум за избор на најповолна понуда [8]**

Цена

**14.1 Начин на распределба на бодовите (образложение)**

| |
|---|
| |

15. Разгледување на техничките понуди на понудувачите

15.1. Комисијата ги разгледа техничките понуди на понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации.

**15.2 Понудувач:** [9]

**Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје**

| Ред.бр. | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| 1 | Лиценца за Firewall | Да |

15.3 Врз основа на проверка на приложените технички понуди, комисијата заклучи дека понудите на следниве понудувачи не се во согласност со дефинираните технички карактеристики на предметот на јавна набавка, барањата и условите од техничките спецификации, како и во однос на условите за извршување или функционални карактеристики на предметот на јавна набавка наведени во тендерската документација, и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите:

| **Ред.бр** | **Понудувач** | **Образложение за неприфатливоста на техничката понуда или дел од предметот на јавна набавка** |
|---|---|---|
| / | / | / |

**16.Разгледување на финансиските понуди на понудувачите**

16.1 Комисијата ги разгледа следниве финансиски понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација:

**16.2. Дел од предметот на јавна набавка** [10]

| Понудувач | Понудена цена | Цена по извршени исправки на аритметички грешки |
|---|---|---|
| Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 199.000,00 | / |

**16.3** Врз основа на проверка на приложените финансиски понуди во поглед на цената, соодветните финансиски и други услови од понудата, комисијата утврди дека следниве понуди се неприфатливи:

| **Ред.бр** | **Понудувач** | **Образложение за неприфатливоста на финансиската понуда или дел од предметот на јавна набавка** |
|---|---|---|
| / | / | / |

17. По целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите, комисијата предлага следниве понудувачи да се поканат да учествуваат во електронската аукција (доколку како крајна фаза се спроведува електронска аукција)

**17.1 Предметот на јавна набавка** [11]

| Понудувач | Почетна цена | Почетен ранг |
|---|---|---|
| Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 199.000,00 | 1 |

**18. Конечно бодување и рангирање на понудите**

**18.1 Предметот на јавна набавка** [12]

| Понудувач | Цена | Ранг |
|---|---|---|
| Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 199.000,00 | 1 |

**19. Предлог за избор на најповолна понуда**

19.1 Комисијата согласно член 49, став (4) побара доставување на документите за утврдување способност:[13]

| Ред. бр. | Понудувач | Документи за докажување на способност<br>Валидни (ДА/НЕ)<br>Објаснување за невалидноста на доставени документи |
|---|---|---|
| / | / | / |

19.2 Врз основа на извршеното конечно бодување и рангирање на понудите, комисијата го доставува следниов предлог за избор на најповолна понуда:

| Ред. бр. | Предметот | Понудувач |
|---|---|---|
| 1 | Лиценца за Firewall | Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје |

**20. Комисијата согласно член 101, став (9) дава предлог за издавање на негативна референца на понудувачот/ите:**

**21. Комисија за јавни набавки**

| | СОСТАВ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Претседател (или заменик) | Огнен Неделковски | |
| 4 | Заменик член | Теодора Ристовска | |
| 5 | Член | Сергеј Тодороски | |

[1] Во постапките кои се спроведуваат во повеќе фази овој образец (од точка 1 до точка 14) се однесува и на Извештај за оценување на способноста на кандидатите

[2] Како недостатоци се сметаат: непотпишана понуда, недоставени и/или невадидни: банкарска гаранција, изјава за сериозност и договор за поднесување на групна понуда

[3] Листата на понудувачи со негативна референца е автоматски генерирана од Електронскиот Систем за јавни набавки. Проверката на негативна референца за подизведувач или субјект кој дава поддршка се врши мануелно на ЕСЈН од страна на комисијата за ЈН

[4] Соодветните табели се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии понуди се разгледуваат

[5] Се пополнува во случај на докажување на способноста со изјава кај поедноставена отворена постапка

[6] Се пополнуваат условите/документите кои се наведени во тендерската документација. Полињата се пополнуваат автоматски за оние позиции кои се селектирани на ЕСЈН при објавата на огласот

[7] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[8] Доколку се избрани критериумите под 2 и 3 договорниот орган задолжително ги наведува елементите со максималните бодови и го објаснува начинот на кој ќе бидат распределени бодовите

[9] Точка 15.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии технички понуди се разгледуваат.

[10] Точка 16.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови со понудувачи чии финансиски понуди се разгледуваат.

[11] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[12] Точка 18.1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови од предметот на јавна набавка кои се евалуирани.

[13] Се пополнува во случај на поедноставена отворена постапка

## ПРИЛОГ А – ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

### 1. Проверка на доставени Изјави за сериозност на понудата

| Ред.бр | Понудувач | Доставена и валидна изјава (ДА/НЕ) Објаснување за невалидноста |
|---|---|---|
| 1 | Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Да |

## ПРИЛОГ Б – ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА АУКЦИЈА[1]

[1] Овој извештај автоматски го генерира ЕСЈН

## ПРИЛОГ В - ДОПОЛНИТЕЛНО ПОБАРАНИ ПОДАТОЦИ, ОБЈАСНУВАЊА, ДОКУМЕНТИ И ДОКАЗИ

1. Дел од текот на постапката (фаза од постапката) за јавна набавка во кој договорниот орган бара од понудувачот/кандидатот да достави дополнително објаснување, документи и докази и по кој основ од Законот за јавни набавки:

2. Барани објаснувања за невообичаено ниска цена (ДА/НЕ):

| Побарани дополнителни податоци, објаснувања, документи и докази | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач/кандидат | Опис на побараните дополнителни податоци, објаснувања, документи, докази за оправдување на цената | Доставено во предвидениот рок | Образложение за прифатливоста/ причини за неприфатливоста на објаснувањето и доказите |
| / | / | / | / | / |

## ПРИЛОГ Е- КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

1. Користење на способност од други субјекти

| Ред.бр | Понудувач | Дали користи способност од други субјекти (ДА/НЕ) | Способноста на други субјекти се користи во делот на: | Дали постојат причини за исклучување на субјектот/ите чија способност се користи (ДА/НЕ) | Дали субјектот/ ите чија способност се користи ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ☐ економска и финансиска состојба<br>☐ техничка и професионална способност | | |

2. Користење на подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка

| Ред.бр | Понудувач | Дали понудувачот користи подизведувач (ДА/НЕ) | Дел од договорот за јавна набавка кој ќе биде доделен на подизведувач | Дали постојат причини за исклучување на подизведувачот/ите (ДА/НЕ) | Дали подизведувачот/ите ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

## ПРИЛОГ Ж- ПОНУДЕНИ АЛТЕРНАТИВНИ ПОНУДИ

### 1. Понудувач

[1]

| Дел | Опис на алтернативната понуда, односно алтернативното понудено техничко решение |
|---|---|
| | |

[1] Точка 1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи кои поднеле алтернативни понуди.

ПРИЛОГ 3

## Извештај на надворешните стручни лица ангажирани во работата на комисијата во врска со техничките, финансиските и другите работи при евалуација на понудите

1. **Договорен орган (назив и адреса):** АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, ул.„Македонија" бр.38
2. **Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** 12542/2024
3. **Предмет на јавна набавка:** Лиценца за Firewall
4. **Проценета вредноста на набавката:** 200.000,00
5. **Вид на постапка за јавна набавка:** Набавки од мала вредност
6. **Постапката се спроведува како групна набавка*:** Не

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

7. **Членови на комисијата за јавна набавка:** Не

Огнен Неделковски - Претседател

Теодора Ристовска - Заменик член

Сергеј Тодороски - Член

8. **Надворешни стручни лица (ДА/НЕ): НЕ**
9. **Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

**Потпис на надворешниот член на комисијата**

ПРИЛОГ Ѕ

## Забелешки од членовите на комисијата кои не се согласуваат со предлогот за избор на најповолна понуда

**1. Договорен орган (назив и адреса):** АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, ул.„Македонија“ бр.38

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** 12542/2024

**3. Предмет на јавна набавка:** Лиценца за Firewall

**4. Проценета вредноста на набавката:** 200.000,00

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** Набавки од мала вредност

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:** Не

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групнатa набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:** Не

Огнен Неделковски - Претседател

Теодора Ристовска - Заменик член

Сергеј Тодороски - Член

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

| **Забелешки на членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда[1]** | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Место во комисијата | Датум на доставување и потпис |
| | | |
| **Дадени забелешки** | | |
| | | |

**Потписи на членовите на комисијата**

[1] Табелата се повторува онолку пати колку што има членови на комисијата кои имаат забелешки на предлогот за избор на најповолна понуда.